Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.4. од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦИ**

**Член 1**

Во Правилникот за лиценци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26) во членот 3 по точката 25 буквата "ѕ" се заменува со точка 26 која гласи:

"26. трговија на компримиран гас, течен гас и водород,".

**Член 2**

Во членот 6, во ставот (2), во точката 1. зборот "или" се заменува со запирка.

По точката 1, се додава нова точка 2, која гласи:

"2. престанок на лиценцата и".

Точката 2. станува точка 3.

**Член 3**

Во членот 10, во ставот (4), во точката 6. зборовите "привремена забрана за вршење одделна дејност" се заменуваат со зборовите "забрана за вршење професија, дејност или должност".

**Член 4**

Во членот 22, во ставот (1), во точката 2. зборовите "ако врз носителот на лиценцата се применуваат одредбите за сопственичко раздвојување од Законот за енергетика*" се бришат.

**Член 5**

Во членот 24, во ставот (1) во точката 1. зборовите „на настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, како и" се бришат.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

"(2) Регулаторна комисија за енергетика донесува одлука за менување на лиценца по службена должност при настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, во рокови утврдени во истите.

(3) Одлуката од став (2) на овој член се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а лиценцата се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика.”

**Член 6**

Во членот 32, во ставот (1), по точката 1. се додава нова точка 2. која гласи:

“2. продолжување на лиценца за пробна работа,”

Точките 2. и 3. стануваат точки 3. и 4.

**Член 7**

Во Прилогот 1, во Образецот БЛ 12, во точка 6, алинеја 1 зборовите “45.000 денари” се заменуваат со зборовите “60.000 денари, а ако барањето е за лиценца за складирање на електрична енергија од обновливи извори 45.000 денари”.

Во Образецот БЛ 15, во точка 7, во алинеја 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност“ се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Во Образецот БЛ 17, во точка 6, во алинеја 1 износот “45.000” се заменува со износот “60.000”.

Во алинејата 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност“ се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Во Образецот БЛ 18, во точка 7, во алинеја 1 износот “45.000” се заменува со износот “60.000”.

Во Образецот БЛ 22, во Делот 2. Менување поради зголемување или пренамена на капацитетите со кои се врши дејноста, во точка 2.2, во алинеја 1 по зборовите “складирање на електрична енергија” се додаваат зборовите “ако електричната енергија која се складира е од обновливи извори”.

Во Образецот БЛ 23, во точка 7, алинеја 1 се менува и гласи:

“доказ за платен паричен надоместок за отпочнување на постапката во висина од 60.000 денари, а ако барањето е за пренос на лиценца за производство на електрична енергија од обновливи извори, складирање на електрична енергија ако електричната енергија која се складира е од обновливи извори, производство на биометан или производство на водород ако е од обновливи извори 45.000 денари”.

Алинејата 3 се брише.

Алинеите 4, 5 и 6 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

Во алинејата 7 која ставува алинеја 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност” се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Алинеите 8, 9 и 10 стануваат алинеи 7, 8 и 9.

Во Образецот ИП, во Делот 3. Известување за промена во начинот на испорака на електрична енергија во електродистрибутивната или електропреносната мрежа во точка 3, се додава нова алинеја 2 која гласи:

“тековна состојба издадена од ЦР”.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 01-1030/1**
**19 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 54 став (1) точка 1. Потточка 1.4. од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) изработи Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци.

Со овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци се врши:

1) исправка на печатна грешка настаната при објава на Правилникот за лиценци од страна на “Службен весник на Република Северна Македонија”,
2) прецизирање дека за отпочнување на постапка за престанок на лиценца не се плаќа надоместок,
3) усогласување на називот на документот “потврда издадена од ЦР дека против барателот на лиценца не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност” во член 10 и во Обрасците од Прилогот 1,
4) уредување дека менувањето на лиценца по службена должност при настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, се врши во рокови утврдени во истите, како и дека при овој вид на промена во “Службен весник на Република Северна Македонија” ќе се објавува само одлуката, а

лиценцата којашто е во прилог на одлуката ќе биде јавно достапна на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водејќи се од начелата на економичност и ефикасност,
5) прецизирање дека за продолжување на лиценца за пробна работа може да се спроведе скратена постапка, и
6) усогласување на износот на надоместокот во Обрасците од Прилог 1 со утврдениот надоместок во член 6 од Правилникот за лиценци.

На 15 јуни 2026 година Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страна го објави Предлог – Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци, како и соопштение со кое ги повика сите заинтересирани страни да доставаат по електронски пат на официјалната адреса: erc@erc.org.mk, свои сугестии, забелешки и предлози, најдоцна до 17 јуни 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1006/1 од 15 јуни 2026 година свика подготвителна седница на 17 јуни 2026 година на која предмет на разгледување беше Предлог - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за енергетика рударство и минерални суровини, Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, ЕВН Македонија АД Скопје, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Скопје и НОМАГАС АД Скопје.

На 17 јуни 2026 година се одржа подготвителна седница на која учествуваа членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. На подготвителна седница немаше забелешки по Предлог Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика на седницата одржана на ден 19 јуни 2026 година донесе Правилник за лиценци.